# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК

## Општина Гази Баба

30 јули 2010 | Излегува по потреба | Година V | број 9



e-mail: contact@gazibaba.gov.mk http://www.gazibaba.gov.mk

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (''Сл.весник на РМ'' бр.05/02), а во врска со член 85 став 1 од Статутот на Општина Гази Баба (''Сл.гласник на Општина Гази Баба'' бр.02/06), Градоначалникот на Општина Гази Баба, донесе

## Р Е Ш Е Н И Е

За објавување на Одлуката за почнување на постапка за долгорочно задолжување на Општина Гази Баба со кредит за изградба на фекална канализација на подрачјето на Општина Гази Баба

1. Се објавува Одлуката за почнување на постапка за долгорочно задолжување на Општина Гази Баба со кредит за изградба на фекална канализација на подрачјето на Општина Гази Баба, што Советот на Општина Гази Баба ја донесе на седницата одржана на ден 27.07.2010 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во ''Сл.гласник на Општина Гази Баба''.

**Број 08 - 4273/1**
**од 30.07.2010 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК,**
**НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА**
**Тони Трајковски, с.р**

Врз основа на членот 11 став (5), членот 22 став (13) и членот 36 став (1) алинеја (15) од Законот за локалната самоуправа (''Службен весник на Република Македонија'' бр. 5/02), членот 18 став (1) и членот 20 од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа (''Службен весник на Република Македонија'' бр. 61/04, 96/04, 67/07 и 156/09), членот 25 од Статутот на Општина Гази Баба (''Службен гласник на Општина Гази Баба'' бр. 2/06) и членот 85 и членот 151 став 2 од Деловникот на Советот на Општина Гази Баба (''Службен гласник на Општина Гази Баба'' број 4/06), Советот на Општина Гази Баба на дваесеттата седница одржана на ден 27.07.2010 година, донесе

## О Д Л У К А
## За почнување на постапка за долгорочно задолжување на Општина Гази Баба со кредит за изградба на фекална канализација на подрачјето на Општина Гази Баба

### Член 1

(1) Општина Гази Баба почнува постапка за долгорочно задолжување кај кредитор под најповолни услови утврдени со оваа Одлука, со кредит во износ на главнината од 106.452.401 денари (во натамошниот текст: кредит).

(2) Кредитот ќе биде наменет за изградба на фекална канализација на подрачјето на Општина Гази Баба.

### Член 2

(1) Кредитот треба да биде бескаматен со грант од 15% од износот на главнината.
(2) На кредитот може да се пресметува осигурување до 2% на годишно ниво.
(3) Рокот на отплата на кредитот треба да биде 10 години.
(4) Грејс периодот на кредитот треба да биде до издавањето на употребната дозвола на сите изградени објекти за фекална канализација на подрачјето на Општина Гази Баба, но не повеќе од 3 години.
(5) Кредитот треба да се отплаќа во еднакви полугодишни рати или на начинот што ќе се утврди со договорот за кредит.
(6) 50% од кредитот ќе биде наменет за градежни работи и набавка на градежни материјали, а 50% за набавка на опрема и материјали, под условите во огласот за јавни набавки.
(7) Најдоцна во рок од 10 дена од склучувањето на договорот за кредит, кредиторот на сметката на Општина Гази Баба треба да префрли 20% од главнината на кредитот, а останатите 30% на сметката на Општина Гази Баба треба да ги префрла сукцесивно, но не подоцна од 10 дена од доставувањето на секоја конечна ситуација за извршени работи од изведувачот.
(8) Набавката на опрема и материјали на сметка на добавувачот треба да ја уплаќа кредиторот.

### Член 3

(1) Кредиторот може да определи 60.000 евра во денарска противвредност од кредитот за изработка на студија за поставување на фекална канализација на подрачјето на Општина Гази Баба, а Општина Гази Баба во изработката на оваа студија може да учествува со 20.000 евра во денарска противвредност.
(2) Кредиторот најдоцна во рок од 10 дена од склучувањето на договорот за кредит треба да изврши уплата на 60.000 евра во денарска противвредност на Општина Гази Баба, а Општина Гази Баба најдоцна до поднесувањето на пријавата за кредит треба

да уплати 20.000 евра во денарска противвредност на кредиторот или од него овластено правно лице.

(3) Доколку кредиторот не го одобри кредитот по поднесувањето на пријавата за кредит, најдоцна во рок од 30 дена од денот на нивната уплата треба да ја врати уплатата од 20.000 евра во денарска противвредност на Општина Гази Баба.

**Член 4**

Се овластува Градоначалникот на Општина Гази Баба да го склучи договорот за долгорочно задолжување на Општина Гази Баба со кредиторот според условите утврдени во оваа Одлука, во согласност со Закон.

**Член 5**

Јавните набавки на градежните работи и материјали за изградба на фекална канализација на подрачјето на Општина Гази Баба во висина на износот на главнината од кредитот ќе се вршат во согласност со Законот за јавни набавки.

**Член 6**

(1) Со донесувањето на оваа Одлука престанува да важи Одлуката за почнување на постапка за долгорочно задолжување на Општина Гази Баба кај Министерството за финансии на Република Австрија преку Австриската контролна банка од Виена, со кредит за изградба на водоводна мрежа, фекална и атмосферска канализација на подрачјето на Општина Гази Баба - број 07-3009/3 од 31.05 2010 година, објавена во ''Службен гласник на Општина Гази Баба'' бр.07/2010.

(2) Оваа Одлука влегува во сила со објавувањето во ''Службен гласник на Општина Гази Баба'', а ќе се применува по добиена согласност од Владата на Република Македонија.

**Број 07- 4186/3**
**од 27.07.2010 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ,**
**НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА**
**Милан Андоновски, с.р**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (''Сл.весник на РМ'' бр.05/02), а во врска со член 85 став 1 од Статутот на Општина Гази Баба (''Сл.гласник на Општина Гази Баба'' бр.02/06), Градоначалникот на Општина Гази Баба, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**За објавување на Иницијативата за донесување на Закон за изменување на Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа**

1. Се објавува Иницијативата за донесување на Закон за изменување на Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа, што Советот на Општина Гази Баба ја утврди на седницата одржана на ден 27.07.2010 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во ''Сл.гласник на Општина Гази Баба''.

**Број 08 - 4273/2**
**од 30.07.2010 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК,**
**НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА**
**Тони Трајковски, с.р**

Врз основа на членот 71 став 2 од Уставот на Република Македонија, членот 14 став (4) од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на Република Македонија" број 5/2002), членот 25 од Статутот на општина Гази Баба ("Службен гласник на општина Гази Баба" број 2/2006) и членот 85 и членот 151 став 2 од Деловникот на Советот на општина Гази Баба ("Службен гласник на општина Гази Баба" број 4/2006), Советот на општина Гази Баба на дваесеттата седница одржана на ден 27.07. 2010 година, утврди

**ИНИЦИЈАТИВА**
**За донесување на Закон за изменување**
**на Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа**

(1) Се утврдува Иницијатива за донесување на Закон за изменување на Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа (во натамошниот текст: Иницијатива).
(2) Составен дел на оваа Иницијатива е Предлогот за донесување на Закон за изменување на Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа, со Предлог на Закон.
(3) Се овластува градоначалникот на општина Гази Баба да ја достави Иницијативата за донесување на Закон за изменување на Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа до овластените предлагачи - Владата и пратениците во Собранието на Република Македонија.
(4) Оваа Иницијатива влегува во сила со нејзиното утврдување.
(5) Оваа Иницијатива се објавува во "Службен гласник на општина Гази Баба".
(6) По еден примерок од оваа Одлука се доставува до: архивата на општина Гази Баба; папката од седницата на Советот на општина Гази Баба; Министерството за финансии при Владата на Република Македонија; Владата на Република Македонија; пратениците во Собранието на Република Македонија; и Заедницата на единиците на локалната самоуправа.

**Број 07- 4186/4**
**од 27.07.2010 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ,**
**НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА**
**Милан Андоновски, с.р**

**ПРЕДЛОГ НА ЗАКОН**
**за изменување на Законот за финансирање**
**на единиците на локалната самоуправа**

**Член 1**

Во Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа ("Службен весник на Република Македонија" броевите 61/2004, 96/2004, 67/2007 и 156/2009) членот 20 став (5) се брише.

**Член 2**

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во Службен весник на Република Македонија.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (''Сл.весник на РМ'' бр.05/02), а во врска со член 85 став 1 од Статутот на Општина Гази Баба (''Сл.гласник на Општина Гази Баба'' бр.02/06), Градоначалникот на Општина Гази Баба, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

За објавување на Иницијативата за донесување на Закон за дополнување на Законот за територијалната организација на локалната самоуправа во Република Македонија

1. Се објавува Иницијативата за донесување на Закон за дополнување на Законот за територијалната организација на локалната самоуправа во Република Македонија, што Советот на Општина Гази Баба ја утврди на седницата одржана на ден 27.07.2010 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во ''Сл.гласник на Општина Гази Баба''.

**Број 08 - 4273/3**
**од 30.07.2010 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК,**
**НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА**
**Тони Трајковски, с.р**

Врз основа на член 71 став 2 од Уставот на Република Македонија, член 14 став (4) од Законот за локалната самоуправа (''Службен весник на Република Македонија'' бр. 5/02), член 25 од Статутот на Општина Гази Баба (''Службен гласник на Општина Гази Баба'' број 2/06) и член 85 и член 151 став 2 од Деловникот на Советот на Општина Гази Баба (''Службен гласник на Општина Гази Баба'' број 4/06), Советот на Општина Гази Баба на дваесеттата седница одржана на ден 27.07. 2010 година, утврди

## И Н И Ц И Ј А Т И В А

За донесување на Закон за дополнување на Законот за територијалната организација на локалната самоуправа во Република Македонија

(1) Се утврдува Иницијатива за донесување на Закон за дополнување на Законот за територијалната организација на локалната самоуправа на Република Македонија (во натамошниот текст: Иницијатива).
(2) Составен дел на оваа Иницијатива е Предлогот за донесување на Закон за дополнување на Законот за територијалната организација, со Предлог на Закон.
(3) Се овластува градоначалникот на Општина Гази Баба да ја достави Иницијативата за донесување на Закон за дополнување на Законот за територијалната организација на локалната самоуправа во Република Македонија до овластените предлагачи - Владата и пратениците во Собранието на Република Македонија.
(4) Оваа Иницијатива влегува во сила со нејзиното утврдување.
(5) Оваа Иницијатива се објавува во ''Службен гласник на општина Гази Баба''.
(6) По еден примерок од оваа Одлука се доставува до: архивата на Општина Гази Баба; папката од седницата на Советот на Општина Гази Баба; Министерството за локална самоуправа при Владата на Република Македонија; Владата на Република Македонија; и пратениците во Собранието на Република Македонија.

**Број 07- 4186/5**
**од 27.07.2010 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ,**
**НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА**
**Милан Андоновски, с.р**

# ПРЕДЛОГ НА ЗАКОН
## за дополнување на Законот за територијалната организација на локалната самоуправа во Република Македонија

### Член 1

(1) Во членот 12 став 1 точка 10 од Законот за територијалната организација на локалната самоуправа во Република Македонија "Службен весник на Република Македонија" бр.55/2004) по зборот "Карабуњиште" и запирката се додава зборот "Клуковец" и се става запирка.

(2) Во точката 77 по зборот "селата" и двете точки се додава зборот "Виниче" и се става запирка, а по зборот "Јурумлери" и заприката се додаваат зборовите "Нова Колонија" и се става запирка.

### Член 2

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во ''Службен весник на Република Македонија''.

# СОДРЖИНА


РЕШЕНИЕ за објавување на Одлуката за почнување на постапка за долгорочно задолжување на Општина Гази Баба со кредит за изградба на фекална канализација на подрачјето на Општина Гази Баба . . . . . . . . . 1

ОДЛУКА за почнување на постапка за долгорочно задолжување на Општина Гази Баба со кредит за изградба на фекална канализација на подрачјето на Општина Гази Баба . . . . . . . . 2

РЕШЕНИЕ за објавување на Иницијативата за донесување на Закон за изменување на Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа . . . . . . . . 4

ИНИЦИЈАТИВА за донесување на Закон за изменување на Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа . . . . . . . . 5

ПРЕДЛОГ НА ЗАКОН за изменување на Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа . . . . . . . . 5

РЕШЕНИЕ за објавување на Иницијативата за донесување на Закон за дополнување на Законот за територијалната организација на локалната самоуправа во Република Македонија . . . . . . . . . 6

ИНИЦИЈАТИВА за донесување на Закон за дополнување на Законот за територијалната организација на локалната самоуправа во Република Македонија . . . . . . . . 7

ПРЕДЛОГ НА ЗАКОН за дополнување на Законот за територијалната организација на локалната самоуправа во Република Македонија . . . . . . . . 8



**"Службен гласник на Општина Гази Баба"**

Издавач: Општина Гази Баба | главен и одговорен уредник: Насе Ралев
бул. Александар Македонски бб - Скопје | тел: 3 22 28 76, 3 22 56 55 | тираж: 100 примероци

e-mail: contact@gazibaba.gov.mk http://www.gazibaba.gov.mk